# ЗНМ: Нападнатите новинари во Собрание ги охрабруваме да тужат




Објавено во: **Македонија** 17 Мај, 2017

Like 4
Share 4
Tweet
Share
G+1 0

ЗНМ ги повика сите новинари и медиумски работници кои за време на „Крвавиот четврток" беа нападнати и се здобија со повреди да поведат судски постапки за што ќе добијат целосна поддршка.

- Здружението на новинари на Македонија во соработка со адвокатската канцеларија „Медарски" обезбеди бесплатна правна заштита за сите новинари што беа спречени да известуваат од настаните од 27 април годинава во Собрание, кога поддржувачи на граѓанската иницијатива „За Заедничка Македонија" насилно упаднаа во Парламентот веднаш по изборот на новиот спикер.

Правна помош од ЗНМ ќе биде понудена на сите новинари што биле физички нападнати или изложени на разни притисоци и закани при извршување на нивните професионални обврски, или пак им била оштетена опремата. Новинарите што имаат намера да покренат судски постапки за да ги заштитат нивните права, претходно треба да обезбедат медицинска документација за претрпените повреди и стрес.

Сите заинтересирани за користење на правната помош треба да го контактираат Здружението на новинарите телефонски или преку мејл со цел побрзо иницирање на постапките пред надлежните судови.

На ваков начин ЗНМ сака да ги охрабри сите новинари да го кренат својот глас против нападите и притисоците на кои се изложени последниот период и со тоа да пратат порака до јавноста и институциите дека тие повеќе нема да го премолчат насилството на кое се изложени.

Исто така, судските постапки ќе го зголемат и притисокот врз институциите да ги казнат насилниците на новинарите и со тоа ќе спречат во иднина да се повторуваат вакви напади, соопштија од ЗНМ.

Like 4
Share 4
Tweet
Share
G+1 0

## Спонзориран линк

Дали сакате да добиете 50€ реални пари за тргување на глобалниот финансиски пазар и започнете да заработувате пари? Регистрирајте се овде и почнете да тргувате со 50 евра на светската берза.

## Можеби ќе ве интересира

Богдан Илиевски ноќеска доживеал сообраќајка во автомобилот на другар

## Богдан Илиевски ноќеска доживеал сообраќајка во автомобилот на другар



Викендов шатори пред Собрание-борбата за еднаквост на децата со посебни потреби продолжува

## Викендов шатори пред Собрание-борбата за еднаквост на децата со посебни потреби продолжува



СДСМ со иницијатива до Парламентот бара укинување на екстерното тестирање